Врз основа на Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр.17/11) и Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост ("Службен весник на РМ" бр. 93/11) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка - пречистен текст („Службен гласник на Општина Крива Паланка„ бр.8/10), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 14.11.2014 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

***За изградба, реконструкција и одржување на јавното осветлување во Општина Крива Паланка за 2015 година***

Со Програмата за изградба, реконструкција и одржување на јавното осветлување во Општината за 2015 година, ќе се продолжи со реализација на Програмата од 2014 година, со одредени дополнувања, се предвидуваат следните активности:

**А. Изработка на техничка документација;**

**Б. Изградба на јавно осветлување;**

**В. Реконструкција на постојниот инсталиран систем за јавно осветлување.**

**Г. Довршување на јавното осветлување - поставување на дополнителен број на светилки; и**

**Д. Тековно одржување на јавното осветлување и реконструкција на мерниот систем за јавно осветлување.**

**А. Изработка на техничка документација**

Во 2015 година за изградба и реконструкција на системот за јавно осветлување ќе се изготви техничка документација за:

- Локација од спој на Ул.„Вардарска“ со М2 - место викано Тополки; и за други локации по потреба.

**Б. Изградба на јавно осветлување**

Изградба на јавно осветлување во 2015 година ќе се изврши на следните локации:

- од спој на Ул.„Вардарска“ со М2 - место викано Тополки;
- во коритото на Крива река од левата страна покрај регулираниот дел;
- дел од ул. „Калин Камен“;
- дел од ул. „Пиринска“ према Ловачки:
- дел од ул. „Коце Металец“;
- нас. „Скрљава“ покрај долот;
- нас. „Белево“ покрај долот;
- пешачка патека од ул.„Моша Пијаде“ – Трновска маала;
- нас. Маневци – Дурачки Самоков;
- с. Конопница (задружен дом – до крај на м. Деловоци)- (треба да се изведе во соработка со ЕВН); и
- локалитет кај Зелен пазар.

За реализација на овие проекти во 2015 година ќе бидат инвестирани 700.000,00 денари.

**В. Реконструкција на постојниот инсталиран систем за јавно осветлување**

Во 2015 година ќе се продолжи со реконструкција на постојниот систем за јавно осветлување со замена на постојниот тип на светилки кои се со живини сијалици со поставување на нов тип на светилки со натриумови сијалици.

Со реализација на овој проект ќе се добие поквалитетно осветлување, помала потрошувачка на електрична енергија и со поголемо време на траење.

За реализација на овој проект во 2015 година ќе бидат инвестирани 1.000.000,00 денари.

**Г. Довршување на јавното осветлување - поставување на дополнителен број на светилки**

За довршување на веќе постојниот систем на јавно осветлување со поставување на дополнителен број на светилки, електрични столбови и проводник ќе бидат потребни 500.000,00 денари, а ќе има активности на:

Улиците: „8-ми Септември“, „Ристена Гоговска“, „Димитар Арсов“, „Ратко Минев“ и „Осоговска“, населба Лозаново и селата: Станци, Тлминци, Конопница (м.в. Река и м.в.Добрава)с. Мождивњак (м.в. Антовци) и с. Градец (Мезовски ливади) и други населени места каде има потреба и технички можности за поставување на светилки.

**Д. Тековно одржување на јавното осветлување и реконструкција на мерниот систем за јавно осветлување**

Во текот на 2015 година покрај тековното одржување на постојниот инсталиран систем за јавно осветлување ќе се продолжи со одвојување на мерните системи во трафостаниците со цел да се осамостали системот за јавно осветлување а со тоа ќе има подобри услови за поефикасно одржување.

Ќе се врши постепена реконструкција на постојната мрежа на разни локации со поставување на проводник и замена на дотраени столбови во соработка со ЕВН.

Се планира и поставување на нови мерни системи за јавното осветлување со цел да се изврши приклучување на исталираните светилки на системот за мерење на потрошувачка на електрична енергија и тоа:

- село Мождивњак - м.в. Антовци;
- село Добровница - централно подрачје;
- село Луке - централно подрачје; и
- село Крклја – м.в.Лештарци - Назрци.

За тековно одржување на постојниот инсталилран систем за јавно осветлување и набавка на резервни делови и материјали, одвојување на мерните системи во трафостаниците и инсталирање на нови мерни системи ќе бидат потребни 1.700.000.00 денари.

**ФИНАНСИСКА ПРОГРАМА - РЕКАПИТУЛАЦИЈА**

**ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ**

1. Приходи од наплата на такса за јавно осветлување............ 11.700.000,00
2. Други извори на финансирање ........................................... 1.400.000,00

**Вккупно: 13.100.000,00**

**РАСХОДИ**

1. Потрошена електрична енергија за јавно осветлување...... **9.100.000,00**
2. Тековно одржување на јавното осветлување и реконструкција на мерниот систем за јавно осветлување......... **1.700.000,00**
3. Довршување на јавно осветлување-поставување на дополнителен број на светилки ............................................ **500.000,00**
4. Изработка на техничка документација ................... **100.000,00**
5. Изградба на јавно осветлување ............................. **700.000,00**
6. Реконструкција на постојниот инсталиран систем за јавно осветлување.......................................................... **1.000.000,00**

**Вкупно: 13.100.000,00**

Контрола на спроведувањето на Програмата по однос на динамиката и наменското користење на средствата ќе врши Општина Крива Паланка.

**Бр. 07 -2823/17**
**14.11.2014 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**М-р. Борче Стојчевски**